09-06-2017 20___ год.
СКОПЈЕ
02-3146/1

Врз основа на член 21 став (2) од Законот за Воена академија („Службен весник на Република Македонија", бр. 83/09), а во врска со член 108 ставови (4) и (6) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија", бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/1, 116/14, 130/2014, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16,120/16 и 127/16), министерот за одбрана, донесе

# ***ПРАВИЛНИК***

## ***за дополнување на Правилникот за условите, критериумите, начинот и постапката за спроведување на конкурс за запишување и избор на кандидати за прв циклус на студии и за стручно оспособување и усовршување на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје***

***Член 1***

Во Правилникот за условите, критериумите, начинот и постапката за спроведување на конкурс за запишување и избор на кандидати за прв циклус на студии и за стручно оспособување и усовршување на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје, Бр.01-3489/1 од 23.05.2016 година и Бр.01-7144/1 од 09.12.2016 година, по членот 23 се додава нов член 23-а, кој гласи:

„23-а

Комисијата од член 23 став 2 на овој правилник, целосно го следи процесот на изборот и селекцијата на кандидатите за прв циклус на студии на Академијата, врши увид и контрола на работењето на комисиите од членот 23 ставови 3, 4, 5 и 6, како и на работењето на надлежната военолекарска комисија од член 25 став 2 на овој правилник во процесот на оценувањето на психофизичката способност на кандидатите и предлага мерки за зајакнување, односно, подобрување на објективноста и транспарентноста во спроведувањето на активностите во процесот.

Одредбата од ставот 1 на овој член се однесува и на процесот на изборот и селекцијата на кандидатите за стручно оспособување и усовршување за потребите на Министерството и Армијата со завршен прв циклус на четиригодишни студии на Академијата, како и на кандидатите за прв циклус на студии за родот авијација кои на Академијата или на високообразовните институции од областа на техничките науки во Република Македонија, се стекнал со најмалку 120 ЕКТС кредити."

***Член 2***

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

*Бр.*_________
09-06-2017 *2017 година*
*Скопје*

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
**М-р Радмила Шекеринска-Јанковска**